Врз основа на член 17 од Законот за воздухопловство ("Службен весник" на Република Северна Македонија 14/24 ) а во врска со член 82-ж став (1) од Законот за воздухопловство ("Службен весник" на Република Македонија 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15 , 152/15, 27/16, 31/16, 64/18 и 220/19) и член 34 од Правилникот за услови и начин на давање на аеродромски услуги од страна на службите за прифат и отпрема за воздухоплови, патници, багаж, стока и пошта и снабдување со гориво и мазиво ("Службен весник" на Република Македонија бр. 67/12 и 148/12) Директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство на барање на ААМ АИРПОРТ ДОО со бр. 01-26 од 05.11.2024 година за издавање на Одобрение за давање на услуги на аеродром - Земска администрација , донесе:

## РЕШЕНИЕ

1. На ААМ АИРПОРТ ДОО му се издава Одобрение за:
   - Давање на услуги на аеродром на „Меѓународен Аеродром Скопје ":
     1. Земска администрација;
        - 1.1 Услуги за застапување и врски со локалните власти или било кои други субјекти, исплата во име на корисникот на аеродромот и обезбедување канцелариски простор на неговите застапници,
        - 1.4 Сите останати услуги на надзор пред, за време на летот и после летот и било која друга административна услуга на барање на корисникот на аеродромот,
2. Одобрението од точка 1 на ова Решение се издава со рок на важење од 3 (три) години и е валидно до 21.11.2027 година, и истото е условено и бара придржување на одредбите од Правилникот за услови и начин на давање на аеродромски услуги од страна на службите за прифат и отпрема за воздухоплови, патници, багаж, стока и пошта и снабдување со гориво и мазиво ("Службен весник" на Република Македонија бр. 67/12 и 148/12) како и на Извештајот Уп.бр.12-528/2024 од 21.11.2024 год.

3. Ова решение влегува во сила на 22.11.2024 година.

## *Образложение*

ААМ АИРПОРТ ДОО достави барање со бр. 01-26 од 05.11.2024 година за добивање на одобрение за давање на услуги на аеродром на „Меѓународен Аеродром Скопје "- Земска администрација, по разгледување на целокупната документација која на барање на Агенцијата за цивилно воздухопловство е комплетно поднесена на 11.11.2024 година, а во согласност со Правилникот за услови и начин на давање на аеродромски услуги од страна на службите за прифат и отпрема за воздухоплови, патници, багаж, стока и пошта и снабдување со гориво и мазиво ("Службен весник" на Република Македонија бр. 67/12 и 148/12) што е утврдено и со извештајот со Уп.бр.12-528/2024, од 21.11.2024 година, се донесе решение како во диспозитивот.

Надоместоците за издавање на одобрението се платени согласно член 22 став 1 од Тарифникот на АЦВ бр. 02-260/3 од 11.03.2021 година.

**Упатство за правно средство:** *против ова решение незадоволната странка има право на судска заштита пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.*
*Решено во АЦВ под Уп.број:* 12-528/2024 на 21.11.2024 год.

Доставено до:
- ААМ АИРПОРТ ДОО
- Архива на АЦВ
- СА и ВА

**Раководител на Одделение за аеродромски услуги**
**Раим Бајрами**